ISSN 1857-5323

# БИЛТЕН

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

**ISSN 1857- 5323**

# Б И Л Т Е Н

# НА УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

**Бр. 92**

**Скопје, 7. 9.2022 година**

Издавач:
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Главен и одговорен уредник:
**Проф. д-р Тони Васиќ**

Печати:
**УАКС Скопје**

Тираж: **20 примероци**

# СОДРЖИНА

**Стр. 5**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите наставно-стручни (лекторски) звања за областа англиски јазик на Факултетот за странски јазици при Универзитет Американ Колеџ Скопје, во Скопје

**Стр. 8**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на сметководство и ревизија на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје

**Стр. 13**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите наставно-научни и насловни звања по група предмети од областа на финансии и банкарство на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-СТРУЧНИ (ЛЕКТОРСКИ) ЗВАЊА ЗА ОБЛАСТА АНГЛИСКИ ЈАЗИК НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 17-316/3 од 19.04.2022 година донесена на седница на наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 19.04.2022 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-стручни (лекторски) звања за област англиски јазик на Факултетот за странски јазици при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот Слободен печат, на ден 24.03.2022 год, и во предвидениот рок се пријави:

- *м-р Јованка Јованчевска (виш лектор)*

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно - научниот совет на Факултетот за странски јазици да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Јованка Јованчевска е родена на 17.05.1983 година во Скопје и основно образование и гимназија завршува во Скопје. За време на своето школување, таа има постигнато високи резултати. По завршување на средното образование – природно-математичка насока, во 2001 година кандидатката се запишува на катедрата по англиски јазик и книжевност, наставна насока, со германски јазик како втор јазик (Б) на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Таа дипломирала во 2006 година стекнувајќи се со стручен назив – дипломиран професор по англиски јазик и книжевност со германски јазик и книжевност – наставна насока.

Веднаш по завршувањето на студиите, во учебната 2005/2006 год. се запишува на постдипломските студии по англиски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Испитите од постдипломските студии Јованчевска ги има положено со висок просек од 9.6, а како дел од постдипломските студии има изработено две семинарски работи: „Gender Markedness“ под менторство на проф. д-р Екатерина Бабамова и „Lexical Means for Expressing Time“ под менторство на проф. д-р Љупчо Стефановски. На 22.11.2011 год., кандидатката го брани својот магистерски труд на тема „Временски прилошки определби во англиски и македонски – контрастивна анализа“, под менторство на проф. д-р Марија Јанева-Михајловска, во којшто се врши истражување на временските прилошки определби во двата јазика, заедно со нивните морфолошки и синтаксни/позициони карактеристики. Ова истражување се врши на корпус дела од македонски автори преведени од македонски на англиски јазик од страна на англиски родени говорители за реално да се увидат позиционите карактеристики на англиските прилошки определби во однос на македонските. По одбраната, таа се стекнува со степенот магистер по филолошки науки.

Во 2020 година кандидатката се запиша на Докторски студии по бизнис администрација при Универзитет Американ Колеџ Скопје и во тек е изработката на предлогот за докторска теза.

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Во 2006 година почнува да работи на Американ Колеџ Скопје, а во 2007 година кандидатката е

избрана како лектор по англиски јазик по предмети од областа на англиска граматика на Факултетот за странски јазици на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, по што следат реизбор во звање лектор во 2010 година, како и избор во звањето виш лектор во 2014 година, а реизбор во 2018 година.

Од почетокот до денес ги има предавано предметите: граматика на современ англиски јазик 1 – морфологија, граматика на современ англиски јазик 2 – фонетика, граматика на современ англиски јазик 4 - синтакса, модерен англиски јазик 3, 4, 5 и 6 на Факултетот за странски јазици, англиски јазик 1 и англиски јазик 2, деловна терминологија, деловна комуникација, примена на мултимедија во наставата по англиски јазик, англиски за правници, образовен менаџмент, англиски за економисти на останатите единици во состав на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, а речиси секоја година учествува во држењето на подготвителната настава по англиски јазик.

Во рамките на својата работа, Јованчевска учествува во составување на две читанки за потребите на наставата на Универзитетот, по предметите Граматика на англиски јазик 2 – Фонетика и Вовед во лингвистика, а има издадено повеќе статии во меѓународни публикации, од кои позначајни во последните 4 години се:

- Jovanchevska, J. (2018). National Leveling of ELT Educational Programs and Their Harmonization with European Requirements for Competitiveness on the Market - Opportunities and Challenges. *European Journal of Social Science Education and Research*, *5*(1), 85–88. https://doi.org/10.26417/ejser.v12i1.p93-96

- Ivana Trajanoska, Jovanka Jovanchevska & Tamara Jolevska-Popov „Let us use nonfiction literary texts in the EFL classroom“. ELTAM Journal. 2019

- Tamara Jolevska-Popov, Ivana Trajanoska-Stefanovic, Jovanka Jovanchevska. „Multidisciplinarity in focus: English language and business educators collaborating on original teaching material“. ELTAM Journal. 2019

Паралелно со издавањето научни трудови, кандидатката е активна во научната фела со најзините лекторски и уреднички активности како дел од повеќе зборници и стручни списанија.

Се јавува како преведувач во месечното стручно списание „Правник“ и часописот за теорија и практика на правото „Деловно право“ во издание на Здружението на правници на Република Македонија во 2015-2022 година.

Главен и одговорен уредник е на стручните зборници од конференциите на Здружението на професори по англиски јазик и книжевност на РМ – ЕЛТАМ од 2012-2019 година, каде што исто така беше член во управниот одбор и дел од организацискиот одбор на нивните стручни меѓународни конференции 2012-2019 година.

Кандидатката учествува на повеќе стручни и научни конференции во земјата и во странство. Во февруари, 2018 година, го претставува трудот „National Leveling of ELT Educational Programs and Their Harmonization with European Requirements for Competitiveness on the Market - Opportunities and Challenges“ на конференцијата на European Journal of Social Science Education and Research во Франкфурт, Германија, којшто подоцна е објавен во нивниот зборник. Во 2018 година, ноември, учествува на стручната конференција на здружението на IATEFL од Унгарија на нивната годишна конференција со трудот „European requirements for competence levels of EL teachers“, а во 2019 е претставник од ЕЛТАМ на годишната конференција на Здружението на професори по англиски јазик на Хрватска (HUPE Croatia), на која што го презентира трудот „Professional development of English language teachers: what, when and how“.

Од 23.09.2019 – 30.09.2019 год., како дел од мрежата CEEPUS, кандидатката остварува студиски престој од една седмица на Универзитетот на Виена, Австрија, на проектот „Teaching activities, Translation Studies“.

***Евалуација од студенти***

Евалуацијата на кандидатката од студенти за учебната 2020-2021 година изнесува 96 %. Подолу е табелата со распределба на евалуацијата по предмети:

| Предмети | Семестар | % |
|---|---|---|
| Англиски јазик за правници | зимски | 98 |
| Англиски јазик 1 | зимски | 85 |
| Деловна комуникација | зимски | 95 |
| Современ англиски јазик 3 | зимски | 96 |
| Фонетика | зимски | 100 |
| Современа англиска граматика 1: Морфологија | летен | 97 |
| Современ англиски јазик 5 | летен | 100 |
| Англиски јазик 1, почетно ниво | летен | 97 |
| **Просечен резултат на евалуација** | | **96** |

***Општествена дејност***

Инволвирана е во активностите на фелата со учество на работилници, семинари и дискусиони групи, натпревари по читање и дебатирање, итн.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност на м-р Јованка Јованчевска, одредбите на Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања на Универзитет Американ Колеџ Скопје, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката покажува постојан стручен и научен развој и е оформена во квалитетен универзитетски научник и наставник. Нејзината наставна и научно-стручна работа има континуитет и го потврдува нејзиниот систематски пристап кон проблемите од нејзината научно-стручна и наставна област.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатката, Рецензентската комисијата оценува дека м-р Јованка Јованчевска ги исполнува предвидените законски и други услови и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за странски јазици при Универзитетот Американ колеџ Скопје да ја избере во звањето **виш лектор** по група предмети во областа на англискиот јазик.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

вон. проф. д-р Ивана Трајаноска-Стефановиќ, с.р,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Марјана Ванева, с.р,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Марјан Бојаџиев, с.р,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА СМЕТКОВОДСТВО И РЕВИЗИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДЕЛОВНА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНИЗАЦИОНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 14-342/4 од 4.5.2022 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки, одржана на 4 мај 2022 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа на сметководство и ревизија на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник „Слободен печат" на 6.4.2022 година, и во предвидениот рок се пријави:

- *доц. д-р Душица Стевчевска-Србиноска*

Врз основа на приложената документација од кандидатката, рецензентската комисија на Наставно - научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки при УАКС му го поднесува следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Д-р Душица Стевчевска-Србиноска е родена на 07.05.1982 во Скопје. Основно училиште завршува во Скопје. Средно образование завршила со одличен успех и просек од 5.00 во јазичната гимназија Јосип Броз-Тито во Скопје, при што едно полугодие учествувала во меѓународна размена на ученици во американската гимназија Community High School од Ann Arbor, Michigan. Во 2004 година, дипломирала на Американскиот Универзитет во Бугарија, насока Деловна администрација. При дипломирањето добила признание за најдобар студент на генерацијата 2004 на Универзитетот поради остварен просек од 3.98 (скала 0-4).

Во 2002 година во Прага, Република Чешка, во рамките на програмата AIPES-American Institute for Political and Economic Studies Душица С. Србиноска го завршила летниот универзитет во организација на американскиот универзитет Northwestern University и Прашкиот Карлов Универзитет насочен кон проучувањето на светските политички и економски системи и организацијата на американската влада. Во 2003 година го завршила летниот универзитет на американскиот Georgetown University во Дубровник, Хрватска. Програмата на тој универзитет ја опфаќа културно-историската поставеност на Јадранскиот регион од средниот век па се до денес, како и политичко-економските начела во изградбата на поранешна Југославија, а соодветно на тоа и причините за распадот на Федерацијата.

Во 2005 година се запишала на постдипломските студии на Економски Институт-Скопје, насока Финансиски менаџмент и во 2007 година, по завршувањето на предвидените испити со средна оценка 9.33, го одбранила магистерскиот труд со наслов: *Спојувањата и преземањата како начин за унапредување на претпријатието*. На Економскиот Институт-Скопје во јули 2010 година, успешно го одбранила докторскиот труд со наслов:

*Стратешката интеграција на компаниите како фактор за успешноста на спојувањата и преземањата.*

По дипломирањето, во 2004 година д-р Србиноска се вработила во ревизорската куќа PricewatrehouseCoopers дооел Скопје како помлад ревизор. Во 2007 година, веднаш по основањето на Вип оператор дооел Скопје, таа започнала да работи како контролор и Финансиски аналитичар за маркетинг, продажба, деловно планирање и анализа на претпријатието. Во рамки на Вип оператор таа ја реализрала и функцијата Проектен менаџер за проектот Value Based Sales со кој се воведе едуциран пристап кон односот со постојните клиенти преку анализа на нивното однесување, како и изработка на понуда согласно потребите на индивидуалниот потрошувач ширум продажната мрежа на друштвото.
Во меѓувреме, д-р Србиноска континуирано активно учествувала на конференции, семинари и стручни обуки во земјата и странство.
Покрај професионалните квалификации, д-р Србиноска одлично говори и е овластен судски преведувач за англиски и француски јазик, а флуентно се служи со шпански, српско-хрватски и бугарски јазик. За потребите на работата и истражувањата ги владее програмите SAP, Microsoft Office и SPSS.

***Наставно-образовна дејност на кандидатката***

Пред дипломирањето Душица Стевчевска-Србиноска била ангажирана како тутор по француски јазик и граматика, но и како демонстратор по управувачко сметководство на Американскиот Универзитет во Бугарија.

Од 2016 година таа била назначена за надворешен соработник на Универзитетот Американ Колеџ Скопје каде предава повеќе предмети во рамки на постдипломските студии организирани на Факултетот за деловна економија и организациони науки. Во периодот 2016-2017 година наставниот фокус и бил поставен врз предметите финансиско известување и анализа на финасиски извештаи, политика на цени, сметководство на трошоци, како и студии на случај во сметководството и ревизијата, при што во најголем дел наставата, вежбите, проектите и анализите на случаи се изведени на англиски јазик.

Во 2017 година, д-р Стевчевска-Србиноска е избрана во звање доцент професор на Универзитетот Американ Колеџ Скопје при Факултетот за Деловна Економија и Организациони Науки. таа предава повеќе предмети на македонски и англиски јазик во доменот на сметководството и финансиите, меѓу кои и Вовед во сметководство, Финансиско сметководство и Корпоративни финансии на додипломски студии. На студиите на втор циклус таа е задолжена за изведување настава на македонски и англиски јазик по предметите Управувачко сметководство, Политика на цени, Финансиско известување и анализа на финансиски извештаи, Сметководство на трошоци, како и Студии на случај во сметководството и ревизијата.

Од 2018 година, д-р Стевчевска-Србиноска е визитинг професор на Универзитетот UNIVERSITE D’ANGERS, во Анже, Франција при Факултетот за Правни, Економски и Деловни Студии, каде го предава предметот Финансиска комуникација на втор циклус студии. Од 2019 година е ангажирана од страна на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија како подготвувач на испитни прашања и оценувач за повеќе предмети во рамки на Испитот за стекнување на звањето ревизор.

Во 2021 е назначена за продекан за настава на Факултетот за деловна економија и организациони науки на УАКС и е дел од тимот задолжен за

акредитација/реакредитација на академските програми на ФДЕИОН, комуникација и координација со релевантните професори и предавачи во делот на настава, како и редовна комуникација со студентите од аспект на контрола на квалитетот на додипломските и постдипломските студии. Таа е активен координатор и организатор на пракса и работни ангажмани на студентите од насоките финансии и сметководство и ревизија во престижни меѓународни компании: PwC, Ernst & Young, KPMG, Deloitte, BDO, Investbroker AD Skopje, Marand consulting (Oracle NetSuite rep office).

Во 2019 година, д-р Стевчевска-Србиноска делуваше во својство на проект менаџер за изготвување на програмата од прв циклус студии за Сметководство и ревизија, како и стекнување на акредитација од страна на ACCA (Association of Chartered Certified Accountants). Евалуацијата резултираше со добивање на 5-годишна ACCA акредитација за седум предмети (максимум девет предмети можат да бидат акредитирани од ACCA). На почетокот на 2021 година, ACCA додели акредитација и на 8-ми предмет. Воедно, д-р Стевчевска-Србиноска е член на Комитетот задолжен за ACBSP акредитацијата на Универзитетот (Accreditation Council for Business Schools & Programs): Подготовка на Стандард 4 за мерење и анализа на учењето и перформансите на студентите.

Д-р Србиноска има значителна улога за воспоставување меѓународна соработка на УАКС со универзитети во Европа, меѓу кои се Универзитетот во Андора и престижната Висока школа IRCOM во Франција, што овозможи воспоставување образовна интеракција на Универзитет Американ Колеџ Скопје со тие универзитети и размена на студенти и професори.

***Научно-истражувачка дејност на кандидатката***

Д-р Србиноска има публикувано мноштво трудови во референтни научни публикации. Во следната табела се дадени референтните научни публикации од последните пет (5) години пред датумот на распишување на конкурсот за избор во наставно-научно звање, од што може да се заклучи дека кандидатката има објавено 12 (дванаесет) вакви публикации, што е значително над потребниот законски минимум од 5 (пет) вакви публикации за избор во соодветно звање.

| Труд | Објавен во последните 5 години пред распишување на конкурсот | Рецензирано списание | Референта научна публикација |
|---|---|---|---|
| Stevcevska Srbinoska, D., Sekulovski, E., Mrsik, J., and Nenovski, T. (2021). The interdependence between developing and developed stock markets: The case of the Macedonian, Belgrade, Six Swiss and Euronext Paris Stock Exchange. Manuscript accepted for publication. Serbian Journal of Management, 16(2), 377-389. (SCOPUS) | Да | Да | Да |
| Srbinoska, D.S., Srbinoski, I. (2021). A study on audit report timeliness: The Macedonian Stock Exchange. International Journal of Management and Economics, 57(3), 1-21. (Web of Science - Emerging Sources Citation Index) | Да | Да | Да |
| Zafirova, A., Hristova, S., and Stevchevska-Srbinoska, D. (2021). The Use of Activity- | Да | Да | Да |

| | | | |
|---|---|---|---|
| based Management: A Study of Manufacturing Companies in the Republic of North Macedonia, Trends in Economics, Finance and Management Journal, 3(1), 78-86. | | | |
| Stevcevska Srbinoska, D., Ljamova, A., and Hristova, S. (2020). Factors affecting the adoption of inventory cost flow method by the Macedonian companies: FIFO, Weighted average, and Specific identification method. Studia UBB Negotia, 65 (3), 31-76. | Да | Да | Да |
| Stevcevska Srbinoska, D., Stojanova, M., Hristova, S., and Mrsik, J. (2020). The impact of organizational characteristics on the adoption of contemporary cost management techniques by the textile industry in North Macedonia. Accounting and Management Information Systems, 19 (1), 65-88. | Да | Да | Да |
| Hristova, S., and Stevcevska-Srbinoska, D. (2020). Understanding FDI Spillover Effects: Evidence from North Macedonia. Management, 15 (1), 57-79. | Да | Да | Да |
| Hristova, S. and Stevcevska-Srbinoska, D., (2020). “Green” HRM in pursuit of sustainable competitive advantage”. In: Fifteenth Annual International Academic Conference on European Integration, Climate Change: Challenges and Building Resilience. Skopje: University American College Skopje, 53-64. | Да | Да | Да |
| Hristova, S., Stevchevska-Srbinoska, D., Mileva, I., and Zafirova, A. (2019). Trade-off between Liquidity and Profitability: An Empirical Study of Pharmaceutical Sector in the Republic of North Macedonia. Timisoara Journal of Economics and Business, 12 (2), 127-148. | Да | Да | Да |
| Hristova, S., Stevcevska-Srbinoska, D. (2019). Managing Technology in Macedonian SMEs Context: Perceptions, Practices and Challenges. Studia UBB Negotia, 64 (3), 29-44 | Да | Да | Да |
| Dushica Stevchevska-Srbinoska (2018). Liquidity and Profitability Analysis of Non-Financial Entities Listed on the Macedonian Stock Exchange. Business and Management Horizons, 6 (2), 34-46. | Да | Да | Да |
| Dushica Stevchevska-Srbinoska (2018). The Advantages of Budgets: A Survey of Macedonian Legal Entities. Business and Economic Research, 8 (2), 33-55. | Да | Да | Да |
| Dushica Stevchevska-Srbinoska (2017). Implementation of Activity-Based Costing Systems by the Macedonian Insurance Segment: The Influence of Organizational Factors on the Adoption Rate. International Journal of Accounting and Financial Reporting, 7 (2), 417-450. | Да | Да | Да |

Кандидатката е рецензент во списанието Asian Journal of Economics, Business and Accounting, а има учествувано на повеќе панели и научни конференции.

***Оптшествена дејност***

Д-р Душица Стевчевска-Србиноска е сооснован на здружението на граѓани ЕСПАМА чијашто главна активност е развивање на односите помеѓу Кралството Шпанија и Република Северна Македонија во делот на образованието, културата, трговијата и поврзувањето на граѓаните и невладините здруженија од двете земји.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на гореизнесените податоци, рецензентската комисија оценува дека кандидатката покажува богата научно-истражувачка активност и дека ги исполнува законските услови да биде избрана во наставно-научно звање вонреден професор, поради што му предлага на Наставно-научниот совет на ФДЕИОН кандидатката доц. д-р Душица Стевчевска-Србиноска да ја избере во наставно-научното звање **вонреден професор** по група предмети од областа на сметководство и ревизија на Факултетот за деловна економија и организациони науки при УАКС.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

проф. д-р Марјан Петрески, с.р,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Томе Неновски, с.р,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

вон. проф. д-р Снежана Христова, с.р,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСЛОВНИ ЗВАЊА ОД ОБЛАСТА НА ФИНАНСИИ И БАНКАРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДЕЛОВНА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНИЗАЦИОНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Со Одлука бр. 14-342/5 од 4.5.2022 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки (ФДЕИОН), одржана на 4.5.2022 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите насловни звања од областа на финансии и банкарство на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник „Слободен печат" на 6.4.2022. Во предвидениот рок, на конкурсот се пријави

- *д-р Андреј Илиевски.*

Врз основа на приложената документација од кандидатот, Рецензентската комисија на Наставно - научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје му го поднесува следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци за кандидатот***

Д-р Андреј Илиевски е родена на 28. 8. 1974 година во Скопје. Средното образование го завршил во гимназијата Раде Јовчевски-Корчагин во Скопје.

Своето високо образование кандидатот го стекнал на Економски Факултет во Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, како и на Универзитетот за Туризам и Менаџмент во Скопје, и се стекнал со звање Дипломиран економист, со просечен национална оцена на успехот во текот на студирањето од 8,9.

Кандидатот го завршил вториот циклус (магистерски) студии на Универзитет Американ Колеџ Скопје – Скопје - Факултет за деловна економија и организациони науки. во областа на Финансии и Банкарство со просечен успех А- (3,58) и во 2018 година го одбранил магистерскиот труд со наслов „Управување со кредитниот ризик со посебен осврт на управување со проблематичните пласмани во банките во Република Македонија."

Кандидатот ги завршил студиите од третиот циклус (докторски) студии на УАКС и успешно ја одбранил докторската дисертација во декември 2021 година. Неговата докторска дисертација е во областа на финансии и банкарство, со фокус на финансиските технологи – можност или предизвик за банките и идните корисници и професионалци во Република Северна Македонија (компаративна анализа).

Според наведените податоци во неговата биографија, кандидатот активно зборува англиски, хрватски и српски јазик и почетен германски јазик. Неговиот мајчин јазик е македонскиот.

Во моментот, кандидатот е вработен во НЛБ Банка АД Скопје, каде има долгогодишна кариера на различни професионални и менаџерски позиции над 25 години. Од неговата биографија може јасно да се заклучи дека се работи за истакнат стручњак од праксата. Во продолжение е даден

преглед на дел од обуките, студиските престои и стекнатите сертификати кои д-р Илиевски ги стекнал во текот на неговиот богат професионален развој:

| **Опис** | Институција | Место | Период на реализација |
|---|---|---|---|
| E-commerce: e-Future за e-Macedonia | Македонска асоцијација за E-commerce | Скопје | 10/2018 – 10/2018 |
| Тренинг обука на тема: „Напредни лидерски вештини“ | Horizont Zagreb, Croatia | Скопје | 03/2017 – 03/2017 |
| Работилница – „Лидерство“ | Dialogos doo Ljubljana, Slovenia | Скопје | 03/2017 – 03/2017 |
| Банкарска академија за напредни лидерски вештини | Horizont Zagreb, Croatia | Скопје | 03/2015 – 06/2015 |
| Хармонизација на управување со колатерали во НЛБ Групата | NLB dd | Љубљана, Словенија | 09/2012 – 09/2012 |
| Напредни менаџерски вештини | Clear view business training center | Скопје | 05/2012 – 05/2012 |
| Тренинг за преговарачки вештини | Triple S Learning | Скопје | 03/2011 – 03/2011 |
| Реструктуирање на долгови | Карановиќ-Николиќ, Белград | Белград, Србија | 02/2010 – 02/2010 |
| Тренинг – Основи на менаџментот (втор дел) | MarketCom Скопје | Скопје | 01/2007 – 01/2007 |
| Тренинг – Основи на менаџментот | MarketCom Скопје | Охрид | 11/2006 – 11/2006 |
| Интензивна нега и управување со проблематични пласмани | Организиран студиски престој и тренинг во NLB DD | Љубљана, Словенија | 10/2005 – 11/2005 |
| Работилница – Управување со проблемаични пласмани и Базел 2 | Bankakademie International | Скопје | 02/2003 – 03/2003 |
| Организирана посета на Прокредит Банка Бугарија | Procredit bank Bulgaria и KfW | Софиа, Бугарија | 12/2002 – 12/2002 |
| Учество на „FRANKFURT SEMINAR FOR MICROFINANCE | Goethe University for microfinance и KfW | Франкфурт, Германија | 09/2001 – 09/2001 |
| Организиран студиски престој во Lloyds TSB Bank и EBRD за подрачјето за кредитирање на SME | Lloyds Bank plc | Лондон, Обединето Кралство | 10/1999 – 11/1999 |
| Прв семинар за кредитни референти | PHARE, Техничка помош за реформа на банкарскиот сектор | Маврово | 06/1998 – 06/1998 |

***Наставно-научно и истражувачка дејност на кандидатот***

Кандидатот поседува Уверение за положени испити за педагошко-психолошка и методска подготовка издадено од Филозовски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со просечна оцена 10, односно се стекнал со дополнителни 30 ЕКТС.

Во текот на студиската 2021/2022 година ангажиран е како Предавач за предметот Banking на англиски јазик на Факултет за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ.

Во досегашниот период, кандидатот покажува сериозна научно-истражувачка активност со објавување на научно-истражувачки трудови во реномирани меѓународни научни списанија и тоа:

| Труд објавен во списание / зборник Книга (Се користи Харвард стил на референцирање) | Дали е исполнет условот трудот да е објавен во последните 5 години пред распишувањ е на конкурсот Како доказ се приложува делот од списанието во кој е наведен датумот на неговото објавување | Потврда за рецензии 1) Извадок од документите на списанието кој покажува дека е рецензирано ИЛИ 2) Допис од уредникот со кој се бара авторот да постапи по забелешките од рецензентите | Дали е исполнет условот за референтна научна публикациј а Комисијата наведува во која категорија на референтна научна публикациј а спаѓа трудот | Дали списанието има импакт фактор на Web of science Се наведува импакт факторот |
|---|---|---|---|---|
| From taxation to comprehensive regulation of cryptoassets. Law Review Volume 12 Issue 2 Year 2021 | 2021 | http://lawreview.pf.ukim.edu.mk/ http://lawreview.pf.ukim.edu.mk/editor-and-editorial-board/ | Да | Не |
| Cryptocurrencies as (i) legal tender in North Macedonia and the EU. Law Review Volume 11 Issue 2 Year 2020 | 2021 | http://lawreview.pf.ukim.edu.mk/editor-and-editorial-board/ http://lawreview.pf.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2021/02/9.-Sime-J.-Marko-P.-Andrej-I_.pdf | Да | Не |
| Shaping the future of FINITECH: from a perspective of central banks. Horizons, Series A, Volume 27. pp.147-158 | 2021 | Извадок од документите на списанието кој покажува дека е рецензирано | Да | Не |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Financial technology – opportunities and risks of selected key solutions. Horizons, Series A, Volume 26. pp.113-126 | 2021 | Извадок од документите на списанието кој покажува дека е рецензирано | Да | Не |
| Are we ready for central bank digital currency?. Southeast European Review of Business and Economics Volume 1, Issue 2, June 2020 pp.8-21 | 2020 | Извадок од документите на списанието кој покажува дека е рецензирано | Да | Не |
| Digitalisation and its impact on the corporate strategy. Macedonian international journal of marketing No. 12. pp. 17-25. | 2020 | Извадок од документите на списанието кој покажува дека е рецензирано | Да | Не |
| FINTECH - Threat or opportunity? The case of Macedonian banks. Economic Development No. 1-2/2020 pp. 92-104 | 2020 | Извадок од документите на списанието кој покажува дека е рецензирано | Да | Не |
| Decentralized autonomous organization (DAO): Utopia or equitable distribution?. In Law Review – Special Issue – Proceedings from the Annual International | 2020 | Извадок од документите на списанието кој покажува дека е рецензирано | Да | Не |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Conference – 30 years after the fall of the Berlin Wall, November 2019. | | | | |
| Risks in banking. Scientific Journal “International Dialogue: East-West,” 6(1). pp. 125-132. | 2019 | Извадок од документите на списанието кој покажува дека е рецензирано | Да | Не |
| Credit risk management. Scientific Journal “International Dialogue: East-West,” 6(1). pp. 49-56. | 2019 | Извадок од документите на списанието кој покажува дека е рецензирано | Да | Не |
| Blockchain technology in modern banking-challenges and perspectives. Scientific Journal “International Dialogue: East-West,” 6(1). pp. 45-49. | 2019 | Извадок од документите на списанието кој покажува дека е рецензирано | Да | Не |

Исто така, кандидатот ја продлабочува научно-истражувачката дејност преку учество на повеќе меѓународни конференции, и тоа:

| **Назив на презентацијата** | **Име на конференцијата** | **Институција организатот** | **Година** |
|---|---|---|---|
| The impact of a digital Euro on non-Eurozone EU member's states and EU candidate countries: The case of Croatia and North Macedonia. | International Scientific Conference EDT Digitomics 2021 | Economic faculty Rijeka-Croatia | 2021 |
| Ilievski, A. (2021). Financial technology – opportunities and risks of selected key solutions. | XIV International Scientific Conference on Service Sector INSCOSES 2020. | Faculty of tourism - Ohrid | 2020 |
| Decentralized autonomous organization (DAO): Utopia or equitable distribution?. Paper presented to | International Conference Transition of legal systems: 30 | Iustinianus Primus Law Faculty Skopje | 2019 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | years after the fall of the Berlin wall. | | |
| Are we ready for central bank digital currency?. Paper presented to 11th | International conference “Digital transformation of the Economy and Society: Shaping the future”. | Faculty of economy-Prilep | 2019 |
| Financial technology in modern banking – barriers and perspectives. | Paper presented to 7th International PhD Meeting in Economics 2019 | University of Macedonia. Thessaloniki, Greece | 2019 |
| Abuse of cryptocurrencies in e-commerce. | 5-th Jubilee International Scientific Conference OHRID SCHOOL OF LAW – 2019. | Ohrid, Iuridica Prima.Skopje | 2019 |
| Blockchain technology in modern banking-challenges and perspectives. | International Scientific Conference “International Dialogue: East-West”. | Sveti Nikole: International Slavic University | 2019 |

Во рамки на неговата наставно-педагошката дејност кандидатот поседува и меѓународно искуство, и тоа:

| Вид на предавање | Универзитет | Локација | Период |
|---|---|---|---|
| CEEPUS Грант, предавач на предметот финансии, со акцент на<br>- Comparative banking systems<br>- Monetary policy in North Macedonia<br>- Agreements with the ECB (Exchange Rate Mechanism II (ERMII) in the case of Hungary and a repo agreement in the case of North Macedonia)<br>- Commercial banks’ interest rates<br>- Financial technologies in banking | Óbuda University, Keleti Faculty of Business and Management | Будимпешта, Унгарија | 07/03/2022-13/03/2022 |
| CEEPUS Грант, предавач на предметот деловно право, со акцент на иновативните форми на плаќања | Економски факултет - Сплит | Сплит, Хрватска | 01/05/2020 – 30/06/2020 |

***Дополнителни усовршувања***

Во функција на усовршување на неговата научно-истажувачка определба, кандидатот учествувал на неколку студиски престои надвор од Македонија и тоа:

| **Опис** | Институција | Место | Период на реализација |
|---|---|---|---|
| Стипендија на хрватската влада за делумни докторски студии | Економски факултет - Сплит | Сплит, Хрватска | 01/06/2021 – 30/07/2021 |
| Стипендија на хрватската влада за делумни докторски студии | Економски факултет - Сплит | Сплит, Хрватска | 01/06/2020 – 30/07/2020 |
| Учество во Руската летна школа за Институционална анализа 2020 година (ONLINE) | ХСЕ Универзитет, Москва | Москва, Русија | 16/06/2020 – 25/06/2020 |

***Апликативна дејност***

Кандидатот пишува колумни од областа на Финансиите и банкарството, со посебен акцент на иновациите во сферата на банкарството за повеќе македонски портали. Со тоа успева да ги доближи светските трендови во областа на банкарството на пошироката јавност.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на гореизнесените податоци, рецензентската комисија оценува дека кандидатот покажува богата научно-истражувачка активност, односно дека се работи за истакнат стручњак од праксата и дека ги исполнува законските услови да биде избран во насловно звање, поради што му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје кандидатот д-р Андреј Илиевски да го избере во звање насловен **доцент** на Факултет за Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

проф. д-р Евица Делова Јолевска, с.р,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Душица Стефчевска-Србиновска, с.р,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Томе Неновски, с.р,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

# BULLETIN

OF THE UNIVERSITY
AMERICAN COLLEGE
SKOPJE

ISSN 1857-5323